**СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

**(учебна 2023 - 2024 година)**

**Август, 2024 година**

# СОДРЖИНА

Идентификациони податоци на Училиштето ------------------------------------------- 3
Вовед ---------------------------------------------------------------------------------------------- 4
Документи на кои се заснова и појдовна основа во изработката на
Годишниот извештај за работа на Училиштето --------------------------------------- 6
I. Организација на животот и работата во Училиштето ------------------------------ 7
I.1 Ученици и паралелки ------------------------------------------------------------------ 7
Статистички податоци за ученици ---------------------------------------------------- 8
I.2 Кадровски ресурси ---------------------------------------------------------------------- 9
II. Настава – видови настава ---------------------------------------------------------------- 11
II.1 Образовни подрачја во Гимназијата ------------------------------------------------ 12
II.2 Изборна настава ---------------------------------------------------------------------- 13
II.3 Проектни активности ------------------------------------------------------------------ 14
II.4 Додатна и дополнителна настава --------------------------------------------------- 16
II.5 Извештај за реализираните цели, задачи и активности ------------------------ 18
II.6 Воннаставни и слободни ученички активности вклученост во проекти ----- 27
II.7 Соработка со Локалната самоуправа и институции во окружувањето ------ 41
II.8 Просторни услови ---------------------------------------------------------------------- 43
II.9 Извори на финансирање -------------------------------------------------------------- 47
II.10 Оспособеност за користење на современа технологија ---------------------- 47
II.11 Оспособеност за тимска работа -------------------------------------------------- 48
III. Мисија ---------------------------------------------------------------------------------------- 50
IV. Визија ---------------------------------------------------------------------------------------- 50
V. Подрачја на промени и приоритети --------------------------------------------------- 51
VI. Евалуација ---------------------------------------------------------------------------------- 51
VII. Прилози ------------------------------------------------------------------------------------- 53

## 1. Идентификациони податоци на училиштето

### 1.1 Име на училиштето

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип

### 1.2 Адреса на училиштето

Ул. „Васил Главинов“ бр. 4

Тел. 032 / 391 459
Факс. 032 / 380 633
e-mail. sstojmenski@yahoo.com
web: www.slavcostojmenski.edu.mk

### 1.3 Директор на училиштето

Весна Ристова

### 1.4 Локација на училиштето

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски” - Штип се наоѓа во централниот дел на градот Штип, сместено на левата страна од реката Отиња, во непосредна близина на Собранието на општина Штип, со поглед свртен кон тврдината Исар, опкружено со значајни институции во кои се негува културното наследство, традицијата и штипската гостопримливост.

### *Вовед*

Во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски” – Штип изведувањето на наставата во образовната копонента се реализира според концептот за реформирано гимназиско образование.

Со голема чест и гордост го носиме името на штипскиот визионер, идеолог и револуционер Славчо Стојменски, кој на 11 октомври 1953 година е прогласен за народен херој и патрон на нашето училиште.

Долгогодишната традиција на училиштето започнува во далечната 1913/14 година, кога за првпат е отворено како нижа гимназија, го носела името Српска кралска гимназија и работи како неполна гимназија.

Посебен стратешки развој и во надворешната и во внатрешната структура Гимназијата, како воспитно-образовната институција, доживеа последните години, кога во учебната 2002/2003 година па се до 24.01.2020 година, за нејзин педагошки раководител (како 24 по ред ) е назначен Ристо Петковски. Од страна на општинското гласило „Штипски Глас“ штипската гимназија „Славчо Стојменски“ доби признание за најдобро средно училиште „Најдоброто од Истокот“ во избор на регионалниот центар на новинари „Исток“.
Со името на Гимназијата „Славчо Стојменски”, со нејзиниот историјат, традиција и постоење се поврзани голем број на награди и признанија (групни и поединечни), кои претставуваат гордост и за градот Штип. Развојот на Гимназијата не застанува, во нејзината личната карта влегува и новата спортска сала, (свечено пуштена во употреба за учениците во септември 2009 година) која после цели шеесет години, го доби своето ново руво, преку нејзиното целосно реконструирање и опремување со нови и безбедни спортски реквизити.

На 2 септември 2013 год. беше пуштен во употреба „Паркот на генерациите“, озеленет простор од 300 м2, околу Училиштето, уреден според еко-стандардите, со прекрасна фонтана, клупи и корпи за отпадоци.

На 19 декември, 2013 година свечено беше одбележано 100 годишното постоење на гимназиско образование и 100 години матурски таблоа на илјадници матуранти. Во мај 2015 година ЗНМ, на гимназијата и додели Признание за најдоброто од истокот, за особено остварување во образованито.

Како сведок за постоењето и успешноста во работењето на Гимназијата, нејзиното значење, место и улога во образованието на РСМакедонија се и добиените највисоки оценки (Мн. добар 4) во март 2011 година , во мај 2014 година, во мај 2017 година и март 2023 година од страна на Инспекцискиот надзор на спроведената Интегрална евалуација. Во 2018 година, се стекнавме и со Признание „Најдоброто од истокот“ на тимот ученици и нивниот ментор за освоеното прво место на државниот натпревар во делот на иновативноста со проектот „E-health“.

Од 25.01.2020 година како в.д, а од 8 март 2021 година како Директор е назначен Тамер Јамаковски, дотогашен професор по историја. Од тогаш се реализирани повеќе проекти за подобрување на квалитетот и условите за воспитно - образовната работа во училиштето како и проекти за уредување на училишниот простор и дворот на училиштето.

- Поставување на нови паметни табли во училниците;
- Преадаптирање на неколку кабинети за настава;
- Нов библиотечен фонд на лектирни изданија;
- Поставено ново осветлување во училиштето (лед диоди) кои нудат економично и квалитетно осветлување;
- Промена на подот во училниците;
- Промена на нови прозорци;
- Промена на влезни врати со безбедносно и сигурно решение;
- Комплетно уредување на училишниот двор и негова преадаптација во спортско игралиште;
- Нова ограда на училишниот двор со урбано и модерно решение.

Од 11.12.2021 година како в.д е назначена Весна Ристова, дотогашен професор по македонски јазик и литература. Продолжи да ги реализира започнатите проекти за подобрување на квалитетот и условите за воспитно-образовната работа во училиштето. Посебен акцент се стави на постигнување на врвни резултати во повеќе образовни подрачја за што сведочат постигнатите врвни резултати на државно ниво.

Од 1.2.2023 година како директор е назначен Марјанчо Арсов. Во текот на овој период училиштето продолжи со постигнување на ученички успеси и резултати, награди и признанија од сите области.

Од 07.02.2024 година како в.д повторно е назначена Весна Ристова, дотогашен професор по македонски јазик и литература.

**Документи на кои се заснова, и појдовна основа во изработката на Годишниот извештај за работа на училиштето се:**

- Закон за средно образование (пречистен текст);
- Закон за работни односи;
- Закон за јавни набавки.

При изработка се користени и одредби од подзаконските акти и интерни акти како што се:

- Статутот на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип, Кодекс на училиштето, Куќниот ред и Правилници за работа на Училишниот одбор и Совет на родители;
- Концептот на гимназиско реформирано образование;
- Наставени Планови и програми за гимназиско образование и
- Самоевалуација на работата на училиштето и Програма за развој на училиштето.

**Се користеа и следните анализи и извештаи:**

- Извештаи од финансиско работење на училиштето;
- Записници и анализи од седници на Училишен одбор, Наставнички
- Совет, Стручни активи и Совет на родители;
- Анализа на степенот на реализација на минатогодишната

програма за работа на училиштето, Самоевалуација на работењето на училиштето, Акционен план за надминување на слабостите во работењето утврдени со интегралните и инспекциски увиди.

Промените и иновациите во реализација на наставата и воннаставните активности се темелат врз основните принципи на Проектот за меѓуетничка интеграција во образовниот процес и на Проектот за регионална поддршка на инклузивното образование реализиран во соработка со Совет на Европа.

Изготвениот предлог Годишен извештај за работата на училиштето се разгледува и усвојува на седница на Наставничкиот совет.

# *I. Организација на животот и работата во училиштето*

Учебната 2023/2024 година започна на 1 септември 2023 година, а заврши на 17 мај, за учениците од завршната година, односно 07 јуни 2024 година за учениците од I, II и III година.

Во текот на наставната година беа реализирани вкупно 158 работни денови во завршната , четврта година , односно 172 работни денови во прва, втора и трета година. Бројот на работни денови е помал од вообичаениот (180/166). Второто полугодие започна на 23.01.2024 година. Бројот на работни денови беше уреден со измена на Календарот на активности во средните училишта од страна на Министерството за образование и наука.

## *I.1 Ученици и паралелки*

Во учебната 2023/2024 година воспитно - образовната дејност се реализираше, односно настава следеа вкупно 459 ученици (203 момчиња - 44% и 256 девојчиња - 56%) од I до IV година. Учениците се распоредени во 28 паралелки. 7 паралелки во **I** година **96** ученици, 7 паралелки во **II** година **117** ученици, 7 паралелки во **III** година **107** ученици од кои 45 се од природно-математичко подрачје пакет А и 62 се од општествено - хуманистичко подрачје пакет А, и 7 паралелки во **IV** година **139** ученици од кои 41 се од природно - математичко подрачје пакет А и 98 се од општествено -хуманистичко подрачје пакет А.

Од вкупно **459** ученици **435**, **95%** се со место на живеење во Штип и **24** ученици , **5%** од други општини.

Од вкупниот број на ученици, **406** ученици (88,5%), или 180 момчиња и 226 девојчиња се со **македонска** национална припадност. **34** ученици (7.4**%)** се ученици од **влашка** национална припадност, 18 момчиња и 16 девојчиња. 12 ученици (2,6%) се од **турска** национална припадност, 3 момчиња и 9 девојчиња. **7** ученици (1,5), 2 момчиња и 5 девојчиња се од **ромска** национална припадност.

Сите ученици како прв странски јазик имаат избрано Англиски јазик, за втор странски јазик Германски јазик.

## *СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 година*

| Број на ученици | | | | | Место на живеење | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | машки | женски | вкупно | | Штип | Др.Општина | вкупно |
| **I** | 38 | 58 | 96 | | 88 | 8 | 96 |
| **II** | 46 | 71 | 117 | | 111 | 6 | 117 |
| **III** | 53 | 54 | 107 | | 101 | 6 | 107 |
| **IV** | 66 | 73 | 139 | | 135 | 4 | 139 |
| **вкупно** | **203** | **256** | **459** | | **435** | **24** | **459** |

## *Н А Ц И О Н А Л Н А   П Р И П А Д Н О С Т*

| година | макед. | власи | турци | роми | срби | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 87 | 4 | 3 | 2 | / | **96** |
| | 51 | 2 | 3 | 2 | / | **58** |
| **II** | 102 | 11 | 1 | 3 | / | **117** |
| | 64 | 5 | 1 | 1 | / | **71** |
| **III** | 92 | 11 | 3 | 1 | / | **107** |
| | 47 | 4 | 2 | 1 | / | **54** |
| **IV** | 124 | 9 | 5 | 1 | / | **139** |
| | 64 | 5 | 3 | 1 | / | **73** |
| **вкупно** | **405** | **35** | **12** | **7** | **0** | **459** |
| | **226** | **16** | **9** | **5** | **0** | **256** |

| I СТРАНСКИ ЈАЗИК | | | | | | II СТРАНСКИ ЈАЗИК | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | Англ. | Франц. | Герм. | **вкупно** | | Англ. | Франц. | Герм. | **вкупно** |
| **I** | 96 | - | - | 96 | | - | - | 96 | 96 |
| **II** | 117 | - | - | 117 | | - | - | 117 | 117 |
| **III** | 107 | - | - | 107 | | - | - | 107 | 107 |
| **IV** | 139 | - | - | 139 | | - | - | 139 | 139 |
| **вкупно** | **459** | - | - | **459** | | - | - | **459** | **459** |

## *I.2 Кадровски ресурси (наставен,стручен кадар и технички персонал)*

Работата во училиштето ја реализираат вкупно 58 вработени лица. Технички персонал - 7 лица, администрација - 2 лица (секретар и благајник) и 1 лице библиотекар, стручни соработници: педагог - 1 лице, психолог - 1 лице, директор на училиштето - 1 лице и 45 наставници од различни профили со соодветна теоретска и стручна наобразба за секој наставен предмет.

Воспитно - образовната дејност и наставната работа со учениците, како нејзина компонента, во учебната 2023/2024 година ја реализираше наставниот кадар, (вкупно 45 наставника од кои 39/37 вработени на неопределено работно време, 4/6 на определено работно време и 2 наставника ангажирани од други училишта). Тие систематично и високо професионално, секој во својот дел од работните активности, самостојно или во соработка со колегите успешно и навремено ги извршуваа поставените работни задачи и обврски.

### *I.2.1 Преглед на наставен и стручен кадар*

| **Ред. број** | **Име и презиме** | **Бр. на часови / Звање** |
|---|---|---|
| 1 | Соња Шијаков | 20 / наставник |
| 2 | Весна Кожинкова | 20 / наставник |
| 3 | Весна Ристова/Васка Ташова | 20 / наставник |
| 4 | Маријана Василева | 20 / наставник |
| 5 | Наташа Лазарева | 20 / наставник |
| 6 | Станка Арсова | 16 / наставник |
| 7 | Викторија Смилкова | 21 / наставник |
| 8 | Весна Петрова | 21 / наставник |
| 9 | Марија Кулакова | 21 / наставник |
| 10 | Ласкова Тамара | 21 / наставник |
| 11 | Елена Дуткова | 20 / наставник |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Марија Малинова | 20 / наставник |
| 13 | Емилија  Шекериниова | 20 / наставник |
| 14 | Весна Барбареова | 20 / наставник |
| 15 | Тамер Јамаковски/Сара Стоилова | 20 / наставник |
| 16 | Миле Туџаров | 20 / наставник |
| 17 | Катерина Златановска | 8 / наставник |
| 18 | Невенка Маролова | 20 / наставник |
| 19 | Ефче Н. Арсова | 21 / наставник |
| 20 | Радица Јованова | 22 / наставник |
| 21 | Љубка Михаилова | 21 / наставник |
| 22 | Билјана Ѓоргиева | 21 / наставник |
| 23 | Ивана Н. Аџипетрова | 21 / наставник |
| 24 | Габриела Кротева | 20 / наставник |
| 25 | Зоран Арсов | 20 / наставник |
| 26 | Јорданка Ивановска | 8 / наставник |
| 27 | Марјана Младеновска Петрова | 20 / наставник |
| 28 | Виолета Ѓорѓиева | 22 / наставник |
| 29 | Кети Додева Трајчева | 20 / наставник |
| 30 | Емица Пилешкова | 22 / наставник |
| 31 | Јулија Андова | 20 / наставник |
| 32 | Лазар Цветановски | 16 / наставник<br>6 / администратор |
| 33 | Весна Никовска | 20 / наставник |
| 34 | Снешка Фенева | 20 / наставник |
| 35 | Данка Јовева | 21 / наставник |
| 36 | Емилија Шуманска | 8 / наставник |
| 37 | Лилјана Митева | 20 / наставник |
| 38 | Петре Петковски | 20 / наставник |
| 39 | Емилија Наунова | 21 / наставник |
| 40 | Габриела Мијалкова | 21 / наставник |
| 41 | Каурин Сара/Дејан Витанов | 21 / наставник |
| 42 | Дејан Илиејвски | 21 / наставник |

| | | |
|---|---|---|
| 43 | Димче Постолов | 24 / наставник |
| 44 | Горан Иванов | 21 / наставник |
| 45 | Сашко Богатинов | 25 / наставник |
| 46 | Татјана Кокотова | 40 / психолог |
| 47 | Соња Панзова | 40 / педагог |
| 48 | Бети Ангеловска | 40 / 20 библиотекар |

## *II Настава – видови настава*

Наставата се организираше и реализираше со наставни планови и програми за работа изработени според концептот на гимназиско реформирано образование. Учебната година започна на 01.09.2023 година. За рационално искористување на просторот, настава за учениците распоредени во 28 - те паралелки се изведуваше во две смени и тоа: I и III година во една, а II и IV година во другата смена. Смените се менуваа секоја недела. Наставата се изведуваше по редовен тек и динимака. Второто полугодие започна на 23.01.2024 година. Учебната година заврши на 17 мај 2024 година, за учениците од завршната година, односно 07 јуни 2024 година за учениците од I, II и III година.

## *II.1 Образовни подрачја во гимназијата и број на ученици за последната и предходните две учебни години*

| Учебна година | П О Д Р А Ч Ј Е | I год. | | II год. | | III год. | | IV год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче |
| 2023/24 | Нема подрачје | 7 | | 7 | 117 | / | / | / | / |
| | Општествено хуманистичко | / | / | / | / | 5 | 62 | 5 | 98 |
| | Природно математичко | / | / | / | / | 2 | 45 | 2 | 41 |
| 459 | ВКУПНО | 7 | 96 | 7 | 117 | 7 | 107 | 7 | 139 |

| Учебна година | П О Д Р А Ч Ј Е | I год. | | II год. | | III год. | | IV год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче |
| 2022/23 | Нема подрачје | 7 | 123 | 7 | 110 | / | / | / | / |
| | Општествено хуманистичко | / | / | / | / | 5 | 101 | 5 | 117 |
| | Природно математичко | / | / | / | / | 2 | 42 | 2 | 27 |
| 520 | ВКУПНО | 7 | 123 | 7 | 110 | 7 | 143 | 7 | 144 |

| Учебна година | П О Д Р А Ч Ј Е | I год. | | II год. | | III год. | | IV год. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче | Пар | Уче |
| 2021/22 | Нема подрачје | 7 | 119 | 7 | 148 | / | / | / | / |
| | Општествено хуманистичко | / | / | / | / | 5 | 117 | 5 | 96 |
| | Природно математичко | / | / | / | / | 2 | 28 | 2 | 47 |
| 555 | ВКУПНО | 7 | 119 | 7 | 148 | 7 | 145 | 7 | 143 |

### *II.2 Изборна настава*

Според Наставниот план на реформирано гимназиско образование изборната настава по години беше организирана вака :

- Во I година нема изборна настава;
- Во II година како изборен предмет учениците изучуваа информатичка технологија или етика - 2 часа неделно, изборен предмет за кој учениците се определија од листата на изборни предмети;
- Во III година учениците според избраните подрачја, се определија да ги изучуваат следниве изборни предмети:

**1. Општествено - хуманистичко подрачје - комбинација А**

( 5 паралелки )

* Вовед во право - 2 часа неделно

* Социологија - 2 часа неделно

* Латински јазик - 2 часа неделно

**2. Природно - математичко подрачје - комбинација А**

( 2 паралелки )

* Линеарна алгебра и аналитичка геометрија - 2 часа неделно

* Алгебра - 2 часа неделно

* Програмски јазици - 2 часа неделно

- Во IV година учениците во делот на изборна настава изучуваат:

**1. Општествено - хуманистичко подрачје - комбинација А**

( 5 паралелки )

* Економија - 3 часа неделно

* Менаџмент - 2 часа неделно

* Логика - 2 часа неделно

* Историја - 2 часа неделно

**2. Природно - математичко подрачје - комбинација А**

( 2 паралелки )

* Програмски јазици - 3 часа неделно

* Математичка анализа - 3 часа неделно

* Физика - 3 часа неделно

### *II.3 Проектни активности*

Учењето преку проекти е важен елемент во остварување на наставниот процес бидејќи овозможува стекнување на различни знаења и вештини преку користење на различни ресурси и различни начини на собирање, класифицирање и презентирање на податоците. На овој начин на учениците им се овозможува самостојно да дојдат до повеќе сознанија за одредена област и тие се централна личност во процесот на учење. Знаењата на овој начин подолго се помнат.

Проектните активности како посебен сегмент од Наставниот план и програма, се разликуваат од наставните предмети, имаат истражувачки карактер а се разликуваат и по бројот на годишниот фонд на часови, (70 часа за I, II и III година односно 60 часа годишно за IV година), по слободен избор на ученикот во определбата за проектната активност. Проектните активности се изведуваа воннаставните часови во слободното време на учениците, по договор со наставникот со кој ја реализираат проектната активност. Со проектните активности учениците, на најдобар можен начин, се подготвуваат и запознаваат со чекорите за изработување на проектната задача, како дел од Државната матура.

Од месец октомври во сите паралелки од I до IV година се одржуваат планираните часови по избраните проектни активности, во време договорено помеѓу наставниците и учениците, надвор од редовниот распоред на часови според потребите, можностите и слободното време на учениците. Во училиштето се реализираа следниве проектни активности:

| **Наставници** | **Подрачје** | **Ученички групи** | | **Време на реализација** | **Број на часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **година** | **паралелка/и** | | |
| **Весна Ристова/ Весна Кожинкова** | Литературни клубови драмски секции | I<br>IV | I - 6,7<br>IV - 4,5 | октомври - мај<br>октомври - април | **4** |
| **Радица Јованова** | Математика | I<br>II<br>III<br>IV | I - 1,2<br>II - 6<br>III – 1,2<br>IV - 1,2,5 | октомври - мај<br>октомври - април | **8** |
| **Миле Туџаров** | Урбана култура | I | I – 1,2,3<br>II - 1,2,3,4,6 | октомври - мај<br>октомври - мај | **8** |
| **Снешка Фенева** | Граѓанска култура | II<br>IV | II - 5,7<br>IV - 3,4,6,7 | октомври - мај<br>октомври - април | **6** |
| **Емилија Наунова** | Иновации и претприемништво | II<br>III<br>IV | II - 1,2,3,4<br>III - 1,3,4,5,6,7<br>IV - 3 | октомври - мај<br>октомври – мај<br>октомври - април | **11** |
| **Емилија Шекеринова** | Странски јазици | II<br>IV | II - 5,7<br>IV - 1,2 | октомври - мај<br>октомври - април | **4** |
| **Петре Петковски** | Иновации и претприемништво | IV | IV – 6,7 | октомври - април | **1** |
| **Емилија Шуманска** | Урбана култура | I | I - 4,5,6,7 | октомври - мај | **4** |
| **Габриела Мијалкова** | Иновации и претприемништво | I<br>III | I - 3,4,5<br>III – 2,3,4,5,6,7 | октомври - мај<br>октомври - мај | **9** |

### *II.4 Додатна и дополнителна настава*

Во учебната 2023/2024 година покрај предвидената настава по планирана програма беше реализирана и додатна, дополнителна и консултативна настава за учениците на кои им беше потребна таков вид на настава.

Од дополнителна настава реализирани се вупно 113 часа. Македонски јазик и литература 34 часа, математика 23 часа, англиски јазик 3 часа, германски јазик 16 часа, историја, географија,вовед во правото,логика,и филозофија по 1 час, хемија 6 часа, биологија 16 часа, информатика 7 и програмски јазици 3 часа. Во прва година реализирани се вкупно 29 часа. Математика 2 часа, англиски јазик 1 часа. германски јазик 4 часа, историја и географија по 1 час, хемија 6 часа, биологија 7 часа и информатика 7 часа. Во втора година реализирани се вкупно 33 часа. Македонски јазик и литература 11 часа, математика 15 часа, англиски јазик 2 часа и биологија 5 часа. Во трета година реализирани се вкупно 22 часа. Македонски јазик и литература 2 часа, математика 5 час, германски јазик 10 часа, биологија 4 часа и вовед во правото 1 часа. Во четврта година реализирани се вкупно 29 часа, Македонски јазик и литература 21 часа, математика 1 час, германски јазик 2 часа, филозофија и логика по 1 час и програмски јазици 3 часа.

Од додатна настава, и консултативна настава посебно со учениците кои учествуваат на натпревари и учениците од четврта година кои се спремаа за државна матура. Реализираа се вкупно 228 часа. Македонски јазик и литература 47 часа, математика 24 часа, англиски јазик 26 часа, германски јазик 12 часа, хемија 30 часа, биологија 25 часа, програмски јазици 7 часа и филозофија 57 часа. Во прва година има реализирано вкупно 28 часа додатна настава. Математика 4 часа, англиски јазик 18 часа и биологија 6 часа. Во втора година има реализирано 62 часа додатна настава. Македонски јазик и литература 22 часа, англиски јазик 8 часа, хемија 19 часа и биологија 13 часа. Во трета година има реализирано вкупно 41 часа додатна настава.

Македонски јазик и литература 10 часа, математика 11 часа, германски јазик 3 часа, хемија 11 часа и биологија 6 часа. Во четврта година има реализирано вкупно 97 часа додатна настава. Македонски јазик и литература 15 часа, математика 9 часа, германски јазик 9 часа, програмски јазици 7 часа, и филозофија 57 часа.

Консултативната настава претежно се практикуваше со учениците од четврта година. Менторите на 147 ученици, пријавени за државна и училишна матура имаа најмалку по три консултации со учениците за одбрана на проектната задача. Менторите што не предаваат во четврта година немаат можност да ги внесат одржаните консултации во е-дневникот.

| Дополнителна настава | мак | мат | анг | гер | ист | гео | хем | био | инф | вов | фил | лог | п.ј | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | 2 | 1 | 4 | 1 | 1 | 6 | 7 | 7 | | | | | 29 |
| II | 11 | 15 | 2 | | | | | 5 | | | | | | 33 |
| III | 2 | 5 | | 10 | | | | 4 | | 1 | | | | 22 |
| IV | 21 | 1 | | 2 | | | | | | | 1 | 1 | 3 | 29 |
| вкупно | 34 | 23 | 3 | 16 | 1 | 1 | 6 | 16 | 7 | 1 | 1 | 1 | 3 | 113 |

| Додатна настава | мак | мат | анг | гер | ист | гео | хем | био | инф | вов | фил | лог | п.ј | вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| I | | 4 | 18 | | | | | 6 | | | | | | 28 |
| II | 22 | | 8 | | | | 19 | 13 | | | | | | 62 |
| III | 10 | 11 | | 3 | | | 11 | 6 | | | | | | 41 |
| IV | 15 | 9 | | 9 | | | | | | | 57 | | 7 | 97 |
| вкупно | 47 | 24 | 26 | 12 | 0 | 0 | 30 | 25 | 0 | 0 | 57 | 0 | 7 | 228 |

## *II.5 Извештај за реализираните цели, задачи и акивности*

Во текот на учебната 2023/2024 година беа реализирани голем број на активности предвидени во Годишната програма за работа на училиштето**:**

- Соодветно пренесувани и инплементирани согласно пропишаните Наставни планови и програми;

- По сите наставни предмети навреме беа изготвени глобални и тематски планирања, како и краткорочни планови (дневен план, план за час);

- Изготвени планирања (со акцент на Образованието за животни вештини) од класните раководители за работа на класните часови;

- Посебна помош и поддршка им се дава на сите наставници - почетници (приправници) и наставници кои за првпат реализираа проектни активности, од страна на раководниот, педагошкиот стручен кадар и менторот;

- Одржување на дополнителна настава со ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на одделни програмски содржини;

- Одржување на додатна настава со учениците кои се талентирани, надарени и покажуваат посебни афинитети кон одредени наставни предмети и подготвување за натпревари;

- Консултативна настава се реализираше претежно со учениците од завршната, четврта година на образование, заради правилно и навремено изготвување на проектните задачи за државна матура. Менторите ги воведуваа матурантите во методологијата на изработката, начинот на презентирање и одбрана на проектнита задача;

- Советување на родители на ученици кои имаат исти или слични проблеми во училиштето. Беа преземени конструктивни мерки во насока на подобрување на целокупниот однос на родителите со нивните деца - тинејџери, наши ученици:

- Дадени им се совети за развивање на емпатиското размислување во однос на нивните деца за да можат полесно да ги сфатат и успешно се справат со предизвиците произлезени од развојните кризи низ кои поминуваат учениците;
- Дадени им се препораки за поуспешно комуницирање на релацијата родител - дете;
- Будно следење на секоја промена во однесувањето и идентификување на причините за отсуствата од наставата или намалениот успех;
- Споделување на меѓусебни позитивни искуства кои се покажале како успешни во градењето на односот со нивните деца и делувале мотивирачки.

Во текот на учебната година освен спроведените активности за кои сме обврзани со Закон, беа реализирани и други активности значајни за воспитно-образовниот процес и целокупната работа на училиштето:

- ➢ Достојно го обележавме меѓународниот ден на учителот, горди што ја работиме најблагородната професија;
- ➢ Учество на Манифестација „Денови на Шопов" во организација на НУБ Гоце Делчев;
- ➢ Достојно го обележавме меѓународниот ден на учителот, горди што ја работиме најблагородната професија;
- ➢ Учество на 56 Рацинови средби во Велес во категорија Ораторство;
- ➢ Одбележување на Патрониот празник на училиштето со полагање на букет свежо цвеќе на споменикот на нашиот патрон. 102 година од раѓањето на Славчо Стојменски чие име нашето училиште гордо го носи од 1953 година кога овој визионер, идеолог и револуционер е прогласен за народен херој;
- ➢ Свечено доделување на едно од осумте признанија за „Успешни млади“ за 2022 година во Резиденцијата на Претседателот Стево Пендаровски на нашиот ученик Марио Ванчоски од III-1 клас. Несомнено Марио е ученик со кој нашето училиште може да се гордее секаде и секогаш, и несомнено тој е најдоброто од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" Штип;

- Организирано следење на театарски претстави за учениците од сите години;
- Успешно организирана и реализирана завршна меѓународна екскурзија за учениците од четврта година во периодот од 21 до 26 ноември 2024 година. Спроведена со ТА Атлантик од Штип. Посетени беа туристичките центри: Рим, Ватикан,Венеција и Тиволи;
- Успешно организирана и реализирана завршна меѓународна екскурзија за учениците од трета година во периодот од 27 мај до 01 јуни 2024 година. Спроведена со ТА Црво Експрес од Штип. Посетени беа: Будимпешта, Виена и Белград;
- Успешно организирана и реализирана посета на музеите во Скопје, година од страна на активот по историја за учениците од прва и втора година на 23 мај 2024. Музејот на Македонската револуционерна борба, Музејот посветен на Холохаустот и Историскиот музеј на Кале;
- Успешно организирана посета на Саемот на книгата за сите ученици, 19 април трета и четврта година, 22 април прва и втора година;
- Организирано предавање за ХИВ од страна на доктор од Центарот за Јавно Здравје Штип на учениците од втора и четврта година. Во првото полугодие беше извршен систематски преглед за учениците од четврта година, а во второто полугодие за учениците од прва година;
- Организирана и успешно спроведени крводарителски акции во просториите на гимназијата во месец декември 2023 година и месец април 2024 година;
- Спроведена обука за сите наставници за насилството во училиштата;
- Спроведена обука за наставниците за правилно користење на смарт таблите како една од точките на Акцискиот план произлезен од ИЕ;
- Обука на наставници за „Спречување и борба против трговија со деца“;
- Свечено доделување на признанието Свети Никола за афирмација на градот на нашиот ученик од трета година Марио Ванчовски, вистински амбасадор на нашето училиште и на градот Штип за добиените награди од меѓународни натпревари кои се само дел од мозаикот кој во себе го носи нашиот ученик;

- Проследено предавање за „Превенција за Употреба на петарди“ од страна на МВР и Клиничка Болница, Универзитетска Клиника за пластична хирургија во салата на училиштето од сите ученици;
- Младинската заедница „Авакс“ реализираше работилница за изработка на честитки споделени со учениците од ДСУ „Искра“ Штип. Посета со премногу емоции, искрени прегратки, прекрасно дружење и срдечно гостоприемство;
- Во рамки на проектот „Поддршка на младински иницијативи“ реализиран од страна на Здружение на правници ЛЕГАЛ Тинк во нашето училиште беа одржани работилници за млади и информирање на младите за можностите кои ги нуди законот за младинско учество и младински политики и другите релевантни акти и практики од интерес за младите и поттикнување на нивно поголемо учество во процесите на креирање политики за млади. Беа опфатени следниве теми: Младинско организирање и форми на младинско организирање, Младинско учество во креирање на младински политики и донесување на одлуки на национално и локално ниво, Сервиси за млади, младински центри и канцеларии за млади, како и Средношколско и студентско организирање;
- По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик, 21 февруари во СОУ Гимназија ,,Славчо Стојменски" - Штип приреди пригодна програма со хорска изведба, литературно-книжевен перформанс и работилница за калиграфија на тема „Јазикот и калиграфијата живеат заедно". Воедно денес беше откриен и училиштниот мурал ,,Јазикот е нашата татковина. Како куќа, како дом, како огниште" кој е дел од проектот на Локалната самоуправа на град Штип.
Го пуштивме зборот да патува и да освојува. Честит и вековит нека е денот на мајчиниот јазик!;
- Неколку ученици од втора година заедно со професорката по Англискијазик на 23 февруари го посетија Американското катче и учествуваа на првиот состанок на литературниот клуб. Таму се запознаа со волонтери од Мировниот Корпус и дискутираа за многу теми од секојдневието. Учениците исто така ја имаа и шансата преку книгата „The perks of being a wallflower“ да ги развијат своите јазични и комуникациски вештини, како и вештините за критичко размислување. Подоцна во месец март, 05 и 19, наши ученици зедоа активно учество на настаните организирани од Американското катче. На 10

април заедно со волонтерите од Мировниот Корпус дискутираа и го анализираа последниот дел од книгата „The perks of being a wallflower“. Присутните ги истакнаа конечните клучни преземања од книгата на Стивен Чбоски „The Perks of Being a Wallflower“, анализирајќи го неговиот заклучок кој предизвикува мисла и дискутирајќи за очекуваното и неочекуваното;

- Во рамки на тековниот семестар УГД организира серија работилници во средните училишта низ Македонија. ВЛОЖУВАМЕ ВО ЗНАЕЊЕ - ГИ ИНСПИРИРМЕ МЛАДИТЕ. Со тоа им се помага на средношколците да ги подобрат своите вештини и способности за да настапат на пазарот на труд.

За таа цел во текот на 02 март на Економски факултет со средношколците од нашата СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" Штип се одржаа две работилници на различни теми: „Развој на претприемачки вештини“ и „Деловна комуникација – CV, мотивациско писмо и интервју“;

- На 06 март, јавно како училиште изразивме голема благодарност до хуманите граѓани кои одлучија на наши ученици од социјално ранливи семејства да донираат нова ИТ опрема. Голема благодарност изразуваме и од име на учениците и семејствата кои се дел од ова пријатно хуманитарно изненадување. Нашата Гимназија будно го следи, мотивира и одржува ученичкиот развој. Ги поддржуваме ученичките современи потреби и токму затоа хуманитарните донации ги ориентираме кон ИТ технологија;
- Нашите ученици активно се вклучија во работилницата за меѓуврсничко насилство. Работна атмосфера од работилницата на „3Г Медиа плус“ со врснички едукатори. Низ игра на улоги, работа во тимови учениците од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски" - Штип, СОУ „Јане Сандански" - Штип и СОУ „Коле Нехтенин" - Штип учеа како да се справат со меѓуврсничкото насилство;
- Нашите ученици се секогаш мотивирани и креативни. Нивните честитки до наставниците не се само посветена работа и труд. Нивните честитки беа вистински емоции и зрелост. Наместо црвени рози, истакнаа дека ни подаруваат многу љубов. Направија видео честитка со сопствено видео едитирање во просториите на училиштето и на припадничките од понежниот пол им порачаа: Драги дами, продолжете да го освојувате светот! 💗 Честит 8 Март!;

- По повод на Денот на екологијата на 22 март нашето училиште организираше еколошка акција, еко патроли со наши ученици заедно со класните раководители, чистеа во рамките на училиштето, училишниот двор, како и коритото на река Отиња, Под мотото ,,За чисто училиште, за почиста животна средина", ја градиме еколошката свест на младите! ;
- За нашите ученици ,,Четрсе" или ,,Свети 40 маченици" не е само празник на штипската традиција туку и предизвик за вистинско одбележување и оживување на духовноста. Со изработка на едукативни памфлети, преведени на два странски јазици нашите ученици празникот, денот и традиција ја доближија до сите граѓани. Им поделија памфлети кои ќе ги потсетат на културните, духовните и традиционалните вредности на обичаите кои се' уште живеат во град Штип. Горди сме на ученичката креативност, посветеност и емпатијата која ја изразија кон своите сограѓани! Вековит нека ни е празникот!;
- Нашите ученички дебатерки, Мила Кралева, Бисера Манова и Мила Михова од III-1 клас, Ена Стојановска од I-7 клас и Тамара Коцева од I-5 клас на 23 март на плоштадот ,,Слобода”, дебатираа на тема, Преку глава ми е од корупцијата! - Ајде заеднички да научиме што е корупција, како да се справиме со истата и како да се стремиме кон подобро општество;
- Визија на нашето училиште е воспитување иобразование на одговорен, успешен и среќен ученик. За остварување на таа цел го избираме патот на постојано обновување и изнаоѓање методи и средства за учење, како и дополнителна посветеност на целиот наставен кадар. Затоа учениците имаа поинаков час по македонски јазик и литература збогатен со присуство на професионалци од областа на драмата. Голема благодарност до актерите: Марија Минчева Андонов и Елена Шорова Дербов кои Македонската современа драма ја презентираа од поинаков агол;
- Во пресрет на 7 април,Светскиот ден на здравјето во соработка со СОУ „Јане Сандански" - Штип денес во нашето училиште се спроведе заедничка акција и се мереше крвен притисок. Искуствата покажуваат колку се важни превентивните мерења на крвен притисок, шеќер, тежина, контролна крвна слика и сл. и редовни контролни прегледи заради рано откривање, превенција и навремено дијагностицирање на болести и нивно лекување. Беше спроведена и хуманитарна акција. Со хуманитарната акција се продолжи

во текот на целата учебна година. За таа цел беше оспособено посебно катче „Хуманитарно катче“, каде што учениците и вработените во секое време имаат можност да донираат;

- На ден 22 април во Роднокрајното одделение на Библиотеката, кое со гордост го носи името на Ацо Шопов, се чествуваше по повод 42 години од неговата смрт со рецитирање на поезија. Во просторот на Роднокрајното одделение глаголеа стиховите од поезијата на Шопов, но и стихови напишани во негова чест. Нашите ученички: Мелани Иванова IV-7 клас, Љубица Жежова IV-1 клас и Теа Барбашка II-7 клас земаа учество во овој настан и успешно ги пренесоа емоциите од безвременската и беспрекорната поезија на нашиот роднокраен великан;
- На 15 мај достојно се одбележа Денот на Македонското Знаме. Со подршка на одделението за образование на општина Штип, нашите ученици во дворот на училиштето симболично со жолти и црвени балони го оформија македонското знаме. Величенствена глетка од секој агол;
- На 15 и 16 мај на одржаниот фестивал на ликовни уметности организиран од страна на ликовната академија при УГД Штип, на кој учествуваа познати професори и уметници од Македонија и Србија, активно учество земаа и наши ученици, Сара Илиев од I-7 клас, Милена Тасева од I-3 клас, Јована Бурева и Елена Џамбазова од II-4 клас, Ана Панева од III-3 клас и Лора Трајанова од III-7 клас. Првиот ден, мастер клас одржа проф. м-р Мирослав Живковиќ од Универзитетот во Ниш, Р. Србија а учениците изработуваа дела во акрилна техника со различни мотиви: Од мртва природа, пејзаж, портрет, до фигуративни но и апстрактни композиции. Вториот ден, мастер клас одржа македонскиот уметник м-р Ангел Коруновски, академски вајар и мултимедијален уметник, а учениците од сите средни училишта во град Штип работеа цртеж на човечка фигура по жив модел, во мек молив и јаглен. Се работеше контрапост позиција на фигура и таканаречен кроки цртеж;
- Во повеќе наврати нашето училиште беше достоен домаќин на организирани натпревари. На 56 регионален натпревар по физика за ученици од основните и средни училишта од источниот регион. На 13 април на регионалниот натпревар по хемија за ученици од основните и средни училишта од источниот регион;

- На 20 мај по предлог на комисијата, Наставничкиот совет го потврди изборот за ПРВЕНЕЦ НА ГЕНЕРАЦИЈА. Избрана е ученичката Мелани Иванова од 4-7 клас. На ученичката и го честитавме успехот и ѝ посакавме освојување на уште многу планини од знаења. Нашите ученици низ своето четиригодишно образование изградија планина од знаење, освојувајќи многубројни награди кои му донесоа успех на нашето училиште и со тоа имаа можност да се кандидираат на објавениот конкурс за првенец на генерација.

Се пријавија три ученички од четврта година и тоа : Ана Арсова, Соња Дончова и Мелани Иванова. Според бодувањето кое беше направено од страна на комисијата по пропишан правилник, ученичката Соња Дончова освои 115 бодови, ученичката Ана Арсова 126 и ученичката Мелани Иванова освои 240 бодови. На 20 јуни нашиот првенец на генерација, ученичката Мелани Иванова беше дел од организираниот прием кај градоначалникот на општина Штип. Се здоби со уште едно признание и паричен ваучер;

- Нашата Гимназија како училиште соработник со УГД, на 21 мај, со свои ученици и професори зеде учество на книжевениот разговор со проф. д-р Венко Андоновски. Учениците можеа одблизу да слушнат еден иманентен автор, критичар, колумнист и професор и да се збогатат со знаење кое вреди за понатамошно искуство;
- Нашите ученици од втора година по којзнае кој пат не изненадија со нивните инспиративно - креативни творештва. Со видео честитка и уникатна рачно изработена книжевна Библија на учениците, родители и нашите сограѓани им го честита Денот на сесловенските просветители, браќата Кирил и Методиј. Нека ни е Честит и вековит денот!;
- На 4 јуни нашите амбасадори, Иван Костевски и Марио Ванчоски имаа пригоден прием кај градоначалникот на општина Штип, Иван Јорданов. Учениците имаа можност да го споделат своето стекнато искуство и уште еднаш да докажат дека се сестрани личности. За нивните постигнати награди на државни, интернационални и меѓународни олимпијади градоначалникот Јорданов им подари подароци за понатамашно усовршување. Им посака многу успех во Ријад, Саудиска Арабија, на 56 Интернационална Олимпијада по Хемија;
- За презентација на училиштето, беше назначен маркетинг тим од шест

члена од страна на директорот и истите ги осмислуваа активностите за маркетинг капмањата на училиштето. Активностите се состоеа од транспарентно презентирање на училиштето, видео записи, видео препораки од ученици, посета на основни училишта со репрезентативни презентации и предавања од страна на наставниот кадар и ученици. Организирани повеќе отворени денови за промоција на училиштето. Учениците од деветтите оделенија од различни училишта во договорени термини го посетуваа училиштето додека тоа пулсираше со вообичаениот тек на настава и други активности. На 28 мај 2024 година во Дом на млади Штип, во организација на Општина Штип и средните училишта од општината се организираше заеднички отворен ден. Успешно се презентираше училиштето со можностите, условите кои ги нуди, завидните постигнувања на учениците и наставниците како можност за вистински избор на учениците од деветтите оделенија. Под мотото учи од најдобрите, учи за да бидеш најдобар, биди гимназијалец во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип. На 30 мај на плоштадот „Слобода“, нашите ученици организираа настан од забавен карактер на кој делеа флаери со возење на ролери. Целта беше на забавен и иновативен начин да се доближиме до учениците од основните училишта;

- Успешни онлајн вклучувања на наши поранешни ученици, кои студираат во Словенија. На учениците од трета и четврта година им ги презентираа и споделија искуствата и правните регулативи за образовниот систем во таа држава;
- Втората половина на месец август од страна на поголем број наставници и стручни соработници беа проследени повеќе обуки организирани од страна на МОН И БРО. Еден наставник и еден стручен соработник учествуваа на обуката во траење на 5 часа на тема: „Вештини за дигитална писменост како клучни компетенции на наставниците согласно најдобрите ЕУ практики“. Двајца наставници и еден стучен соработник учествуваа на обуката во траење на пет часа на тема: Обука на обучувачи за „Креирање на дигитални материјали за учење“. Директорот, еден стручен соработник и 18 наставници или 40% од вработените во училиштето учествуваа на обука во траење на 10 часа, два дена по 5 часа на тема: „Инклузивна Педагогија“. Тројца наставници и еден стручен соработни учествуваа на обука во траење на 24 часа, три дена по 8

часа на тема: Обука на обучувачи за „Методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците“. Директорот, двајца стручни соработници и 31 наставници или 70% од вработените во училиштето учествуваа на обука во траење на 5 часа на тема: Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи“.

### *II.6 Воннаставни и слободни ученички активноси, вклученост во проекти*

Согласно Годишната Програма за работа на училиштето, за учебната 2023 / 2024 година, може да се истакне дека освен планираните, реализирани се и поголем број на активности кои се однесуваат на училишните и вон-училишните активности, а се во интерес на воспитно-образовниот процес.

Во учебната 2023 / 2024 година вклучувањето и имплементирање на проекти беше незначително. Училиштето нема добиено и реализирано проекти со сопствени, или средства од други институции, донатори. Аплициравме за грант во Еразмус + програмата заедно со партнер училишта од Р Финска и Р Грција, со проект од областа на екологијата под наслов „Климатски промени“ кој треба да се имплементира во текот на наредната учебна година.

Реализирани се многу активности во соработка со други институции.

Проект-тимот во училиштето ја имаше поддршката од директорот, од стручните активи, учениците, родителите, Локалната самоуправа и Локалната заедница.

- Земање активно учество од страна на учениците и нивните ментори, на наградни конкурси од различни области, на општинско, регионално и државно ниво;
- Имплементација на Проектот за образовен додаток за ученици кои припаѓаат на семејства со ниски месечни приходи, под покровителство на МОН во соработка со Министерството за труд и социјална политика, за исплаќање на парични средства на учениците чии семејства ги исполнуваат условите. За имплементирање на овој проект беа составени три тима од по три члена

распоредени на различни работни задачи: прием на документи, внес на податоци и обработка на податоци;

- Имлементација на ЕСПАД ().Истражување кое се спроведува во најголем број држави во Европа на секои четири години.Вклучени се ученици родени 2008 година. Главна цел на ЕСПАР студијата е да се соберат споредливи податоци за користење алкохол, тутун и дроги помеѓу учениците. Долгорочна цел е да се следат трендовите на употреба на алкохол, тутун и дроги кај учениците во Европа и да се креират јавно-здравствени мерки за превенција. Со поддршка од МОН и БРО истражувањето беше спроведено во месеците март и април;

Во определувањето на учениците за таканаречените вонучилишни активности и за изборот на содржините на активностите, особено доаѓа до израз нивната желба за продлабочување на знаењата, слободна волја и изразување. Всушност, вонучилишните активности се и најдобар показател за интересите, афинитетите и творечките способности, и уште повеќе овозможуваат поттикнување и помош во нивното понатамошно развивање.

Вонучилишните активности се реализираа и во рамките на повеќе секции и проекти.

- Учество на промоција на книгата на нашата ученичка во трета година, младата писателка Мила Кралева „Што ако не постоеше млада месечина“;
- Партиципирање, внесување на податоци на талентирани и успешни ученици од нашето училиште;
- Учество на промоција на книгата „Сексуална азбука“ од проф.Татјана Алексиќ;
- Учество на годинешната „Текстилијада 7“ под мотото „Текстилна правда - размислување за минатото, замислувајќи ја иднината“;
- Учество на научно-стручна трибина „Комуникација, партнерство и соработка меѓу образовните, културните и други институции“ организирана од страна на Факултетот за образовни науки при УГД Штип по повод 5 октомври, денот на учителот. По повод тој ден а посветен на наставниците од нашето училиште беше споделен пост на ФБ од нашата ученичка од прва година Милена Тасева.

ЧЕСТИТ ДЕН НА УЧИТЕЛОТ!

Денешниот ден, поминат со многу манифестации по повод денот на учителот, е важен ден за да се покаже внимание на оние кои ја имаат најблагословената професија. Поракава, обраќањево, ќе се потрудам да го оддалечам од формалноста, од напамет - напишаното, бидејќи вие заслужувате само искрени, растреперени чувства. Моиве зборови, навистина не знам, дали ќе можат да застанат на ниво на возвишените мисли што ги имам за вас, верувам не. Па зар некој може да си замисли да има стотина свои деца, не секако. Но, ако прашањево го поставиме на учителите, наставниците, професорите, со задоволство ќе го одговорат ова прашање. Во нивното срце се сместени толку прегратки, толку погледи, толку приказни. Па зарем постои нешто повозвишено, поволшебно од искрена насмевка на дете, кое не се смее само со насмевка, туку и со раширени, исполнети зеници?! Уште поубаво е кога ќе сфатиш дека со најхуманата професија, ако така можам да ја наречам, или нешто уште повозвишено, си допридонел за светлината во детските срца. Љубов, само љубов треба да поседуваш во срцето за да одлучиш да подучуваш патници, но не за вообичаен пат, туку за патот на животот. Но, овој важен ден, јас, а верувам и поголемиот дел од вас, би им го посветиле на сите личности што ја имаат најубавата професија-да работат со деца, да влеваат човечност и знаење, и на наставниците, и на професорите, и на писателите. Влевате, пред сè, човечност и љубов во младите срца. Потоа на ред доаѓа сè друго. Создавате, откривате искрена убавина, а тоа е како талкање по најубавите раскошни шуми. Станувате одговорни сведоци за градењето искрени животи, со ваши мисли, трепети. Бидете здрави, среќни и исполнети, секој ден. Гордејте се со творбите кои сте ги изработиле, за животите што сте ги подигнале од темел, а за сè останато ќе се погрижиме ние. Само така ќе успееме да вратиме дел од долгот кој ви го должиме, а секако и да станеме чекор поблиску до искрената љубов и блиските чувства.

- Под мотото „Светилник кој го осветлува патот до успехот на генерациите што доаѓаат, за да го пронајдат заслуженото место под сонцето“, на 08 октомври беше промовирано нашето ушилште од страна на министерот на МОН;

- Пополнување на анонимен прашалник од страна на сите наставници и стручни соработници за менталното здравје и добросостојба во нашите училишта;
- Учество на обука за унапредување на менталното здравје и добросостојбата на адолесцентите во образовниот систем. Цел на обуката, да се зајакнат капацитетите и компетенциите на стручните соработници за градење на клима и култура на ментално здравје во училиштата која ќе овозможува стабилна, одржлива и континуирана психосоцијална подржка и помош на адолесцентите да развијат вежтини на психолошка добросостојба и резилиентност, за унапредување и превенција на нивното ментално здравје, како и подршка во кризни ситуации на загрозено ментално здравје. Очекуваните исходи треба да овозможат градење на заедничка платформа за натамошна акција на ниво на училишта и заедница;
- Учество на интернационалниот дводневен хакатон NASA Space Apps Challenge во Струмица. Тимот REVOLUTION составен од тројца ученици од трета година ја претставија својата идеја, ја покажаа својата креативност, знаење и вештини со својата тема за: Habitable Exoplanets: Creating Worlds Beyond Our Own;
- Учество на учениците од прва година на работилниците за безбедноста на интернет, заштитата на личните податоци и предизвиците од новите технологии. Предавач на работилницата во рамките на проектот на ЗГ "Медиа плус" насловен "Сигурни во виртуелниот свет" поддржан од регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центарот за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институтот за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, беше универзитетскиот професор Методи Хаџи Јанев.

Учениците добија корисни препораки за користење на Интернет. Беа споделени неколку видеа и со останатите ученици и професори;

- Учество на интерактивна работилница за 5 Ps in Marketing! во American Corner Shtip, во која учениците зачекорија во чевлите на претприемачите, нуркајќи во реални ситуации за да ја разберат динамиката на понудата. Тоа

беше практично искуство кое го оживее светот на бизнисот. Работилницата не беше само настан, туку и истражување на основните принципи на маркетингот кои ги насочуваат стратегиите и ги одржуваат претприемачите. Оваа иницијатива беше дел од овогодинешната Глобална недела на претприемништво 2023 и Националниот месец на претприемачи;

- Учество на информативната сесија за ЕУСАИР и презентациите од истата, организирана во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за имплементација на Стратегијата на ЕУ за Јадранско-јонскиот регион во Република Северна Македонија“ чие членство започнува од 2020 година;
- Учество во активностите на здружението Лидери за едукација, активизам и развој, кое работи на развој на средното образование, развој на средните училишта и унапредување на ученичкото учество во соработка со Фондацијата Конрад Аденауер, од страна на претставници, претседател и и потпретседател на Ученичката заедница и одговорниот наставник;
- Учество на „Форум за развој на заедницата“, организиран од Фондацијата за развој на локалната заедница Штип. На форумот се презентираа постигнатите резултати од првата година од реализацијата на проектот „Направи разлика“
- Реализрање на општествено корисна работа од страна учениците од повеќе класови на класните часови, чистење на пределот на коритото на река Отиња во централното гратско подраче за континурано подигање на еколошката свест на учениците. Учениците од Еколошката секција засадија дрвца во училишниот двор;
- Чествување на 102 години од раѓањето на великанот Славчо Стојменски, патрон на нашето училиште. По тој повод нашите ученици имаа пригоден музичко-книжевен перформанс, промоција на поетската збирка на нашата ученичка Мила Кралева, хорски изведби од нашиот училиштен хор, како и сликање на ликот-портрет на Славчо Стојменски;
- Учество на стручната служба на работен состанок, предвиден од проектниот тим на фондацијата Чекор по чекор, во рамките на проектот „Инклузивни општини преку квалитетно образование“, во кој е вклучена и Општина Штип а е подржан од Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ). На овој состанок беше споделен моделот „Професионални заедници за

учење“ како начин за професионален развој, размена на искуства и заедничко решавање на предизвиците;

- Учество на манифестација „Денови на Шопов" во организација на НУ-У Библиотека „Гоце Делчев“ Штип и академија Еуроарт наши ученици земаа учество во три дневните активности. Литературен конкурс, литературно читање, работилници, предавања;
- Учество на поетското читање по повод 100 години од раѓањето на Ацо Шопов;
- Учество на општинскиот литературен конкурс по повод 100 години од раѓањето на Ацо Шопов “ организиран од НУ Универзитетска библиотека ,,Гоце Делчев" - Штип;
- Посета на спомен собата на Ацо Шопов;
- Учество со книжевно-уметнички перфоманс во општина Врање во соработка со НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип по повод 100 години од раѓањето на Ацо Шопов;
- Учество на Рациновите средби во Велес во категорија Ораторство;
- Учество на настан во рамки на Деновите на медиумска писменост 2023. Презентација на Водич за обучувачи - Развивање на медиумска писменост, изработен од Институтот за комуникациски студии во партнерство со Финскиот национален аудиовизуелен институт KAVI (Финска) и Универзитетот во фиренца (Италија);
- Учество на настан организиран од Отворена порта- Ла страда во партнерство со Општина Штип. Проекција на краток документарен филм „Излез“ по повод Европскиот ден за борба против трговија со луѓе и илегална миграција;
- Учество на ученици од втора година на интерактивна работилница за Дигитална Безбедност во склоп на иницијативата „ Кога дигиталното родово-базирано насилство излегува надвор од екранот“ во организација на Американското катче во Штип и тимот на Мрежа Стела. На работилницата се навлезе во сложеноста на сајбер безбедноста и родово базираното насилство во сајберпросторот, фокусирајќи се поставките за приватност на интернет, препознавање и одговарање на сајбер заканите и основните стратегии за одржување на безбедно присуство на интернет;

- Изработка на новогодишни изработки преку кои нашите ученици го совладаа празничниот вокабулар по предметот германски јазик;
- Учество на обука: Принципи на работење на локалната платформа;
- Учество на работилница на тема: Кариерно насочување, во рамките на проектот Зајакнување на националните и локалните системи за подршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците во Општина Штип со финансиска подршка на УНДП и ЕУ, од страна на ученици со ромска националност;
- Учество на тркалезната маса за создавање на услови за интеграција на Ромите, социјална инклузија, намалување на дискриминацијата во остварување на правата на жените Ромки. Во организација на Здружението на мултиетничко општество за човекови права Штип во партнерство со Општина Штип во рамките на проектот „Координативно тело на жени Ромки“. Во насока на подобрување на комуникацијата и соработка помеѓу координативното тело и институциите на локално ниво. Со финансиска подршка од Регионална Ромска Образовна Младинска Асоцијација „PROMA“ во рамките на проектот „Romani women POWER OF CHANGE in the Western Balkans and Turkey“;
- Учество во еднодневна работилница за консултација, вмрежување, градење на доверба и подигање на свеста на тема: Применливоста на правото на детето и нклузивноста во рамките на локалната заедница. Потенцирајќи ја улогата на образованието во промација на правата на децата и инклузивноста во опшеството. Споделување на добри практики на примена на правото на детето од САД и нивната применливост во рамките на Европските системи и Македонскиот образовен систем. Заштита на правото на децата низ македонскиот правосуден систем во пракса;
- Учество на еднодневна обука за градење на капацитетите кај носителите и спроведувачите на јавните политики за заштита на правата на детето, со акцент на зголемување на инклузивноста и безбедноста на децата. Општината со организацијата „Двојна Надеж“ имплементираа активности како дел од проектот Побезбедна инклузивна заедница за децата преку почитување на правото на детето „ Заедничка акција за човекови права“, како дел од целокупниот напор на ЕУ подржан од Институтот за европска политика-Скопје;

- Учество во фокус група како дел од проектот „Остварување на правата на лицата со попреченост на национално и локално ниво“. Во организација на Институтот за европска политика на барање Центарот за европска граѓанска иницијатива;
- Учество на ученици од прва до четврта година) на обуки и работилници преку пет модули, за поттикнување и унапредување на медиумска и информациска писменост;
- Учество на еднодневна обука за Примена на прашалник и Индикатори за мониторинг за спроведување на мерките за инклузија за Општина Штип;
- Учество во програмата „Црвен крст во акција - Промоција на хумани вредности“. Носители Црвениот крст на РС.Македонија - Општинска организација Штип, поддржани од Меѓународниот комитет на Црвен Крст и БРО. ПХВ програмата претставува комуникациско-дисеминациски модел во рамките на Националните друштва, но и образовна форма која ги активира младите да создадат чувство за сопствената култура, како и чувство за другите култури. Промовира активен пристап кон животот и поквалитетна врска со училиштата. Култура на дијалог, како основа за интеркултурно општество преку промовирање на вредностите на Црвениот Крст. Активни знаења како основа за активен пристап кон животот;
- Учество на натпреварот по прва помош со цел да се обучат учениците да помогнат во некоја ситуација кога има повредени или болни лица;
- Учество во Проект за имплементација на антикорупциски теми:
„Борба против корупција“ во средно образование, (обуки и работилници) организиран од страна на МОН и БРО. Во тој контекст зедовме активно учество во промоцијата на проектот: „Ослободи го умот од корупција", за долгорочно суштинско надминувањена корупцијата во нашата земја. Засадивме и дрво, како симбол на животот, општествениот развој и надминување на хипокризијата од оваа социјално-патолошка појава, што го мачи целото општество и се засегнати сите негови чинители;
- Учество во обуки и давање на предлог мерки во рамки на проектот „Спречување на радикализација што води кон насилен екстремизам“, со цел спречување на насилен екстремизам меѓу младите;

- Учество на обука и изработка на Акациски план, како дел од проектот Мрежа за заштита од дискриминација, Унапредување на еднаквоста преку следење и зајакнување на системот за спречување и заштита од дискриминација;
- Учество на учениците од трета година, кои дадоа свој придонес и активно вклучување во предавањата на различни теми од областа на екологијата на УГД-Правен факултет Штип. Од 29 февруари до 05 април се одржаа меѓусебно поврзани предавања во рамки на Клиничката програма за Еколошка правда организирани од „LEGAL THINK“, Здружение на правници. Предавањата се одржуваа еднаш неделно со времетраење од 2-3 часа;
- Учество во обуки и давање на предлог мерки во рамки на проектот „Спречување на радикализација што води кон насилен екстремизам“, со цел спречување на насилен екстремизам меѓу младите;
- Учениците од трета година од ОХП на 4 јуни, имаа можност да проследат Симулирано судење од кривична област, подготвено од студентите на Правниот Факултет на УГД Штип. Посетата им овозможи да се запознаат со правниот систем, текот на главната расправа во кривичната постапка и процедурите во судењето;
- Учество во обука и работилница одржана на Правниот факултет УГД Штип во соработка со Мисијата на ОБСЕ од областа на социјалното претприемништво, креирање на бизнис план за вработување на лица во социјален ризик;
- Учениците од нашето училиште дадоа свој придонес во работилницата на тема „Слобода на говор и говор на омраза“ и преку направените презентации научија многу повеќе за препознавањето и манифестирање на слободата на говор и кога тој преминува во говор на омраза. Работилницата е реализирана на Правниот факултет - УГД, Штип во соработка со Мисијата на ОБСЕ;
- Учество на најголемиот „Форум за младинско учество во образованието“ во организација на УГД. Во рамките на форумот учествуваа претставници од 15 средни училишта, студенти и професори, градоначалникот и претставници од општина Штип, Стопанската комора и бизнис секторот.На форумот е презентиран на уникатен софтер за систематско собирање на информации на

млади таленти од средните училишта, креиран од Факултетот за информатика при УГД. СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип потпиша Меморандум за соработка и заедничко користење на расположливите капацитети со цел подобрување на квалитетот во образованието;

- Учество на панел дискусија на тема: Малолетничките бракови се клучна причина за прекин на образованието но не и единствен од страна на ученици од нашето училиште со ромска националност, организиран од Општина Штип со финамсиска поддржка на Отворена Порта-Ла Страда Скопје, Македонија;
- Учество на работилница на тема: Кариерно насочување, во рамките на проектот Зајакнување на националните и локалните системи за подршка на ефективна социо-економска интеграција на повратниците на Општина Штип со финансиска подршка на УНДП и ЕУ, од страна на ученици со ромска националност;
- Учество на патрониот празник на Универзитетската библиотека „Гоце Делчев" - Штип. Учениците од прва година учествуваа и се претставија со пригоден рецитал, ликовна изложба и музички точки со хорот на училиштето;
- Повеќекратна посета на Штипскиот музеј и Штипскиот Безистен од страна на учениците од сите години, на класните часови, часовите по историја и ликовна уметност. Посета на археолошката историска поставка, во етнолошкиот дел каде што учениците направија скици од кои подацна направија цртежи. Посета на изложбата Македонија памети, никогаш да не се повтори, поставена по повод егзодусот на евреите од страна на Државниот Архив на Р С Македонија, одделение Штип и Инстутутот за Национална Историја. Посета на изложбата поставена од Ликовната академија при УГД, технолошко-технички факултет и градежен факултет;
- Учество на работилница како дел од кампањата на УНИЦЕФ и Фондацијата Телеком за вклучување во комуникациски иницијативи за справување со онлајн насилството и говорот на омраза на интернет. Повикот со наслов „Заедно за интернет без омраза“ имаше за цел да ги вклучи децата и младите во справување со еден од најголемите предизвици со кои се соочува нивната генерација. Работилница на кои учениците учеа како се креира кампања и креираа вистинска кампања против онлајн насилство. Предавачи на

оваа работилница беа водечки комуниколози, дизајнери и креативни директори, копирјатери и режисери;

- Учество на повеќе ученици од нашето училиште на организираното Национално дебатно првенство за средношколци во World Schools дебатен формат, во соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница и Младинскиот образовен форум. Учествуваа повеќе од сто средношколци од десет градови од Македонија и имаа можност за унапредување на нивните ораторски способности;
- Учество во почетнички дебатен натпревар на тезата „Овој дом би им забранил на сите земји кои кршат човекови права да учествуваат на сите големи меѓународни забавни настани“;
- Учество во националното дебатно првенство на теза „Овој дом претпочита целосно генеративен модел на вештачка интелегенција како главен извор на вести наместо новинари“;
- Учество на дебата без предходна припрема и материјал на теза „Овој дом би одбрал да живее во држава без задолжителна кариерна евалуација наместо држава каде секој сам си ја одбира својата кариера“ и на теза „Дали треба традиционалните литератури да се заменат со современа литература во средното образование“, како и на јавна дебата за „Корупција“ со цел подигање на свеста кај народот;
- Учество на работилница со „Здружението за целосен развој и еманципација на турците од источниот регион на РСМ;
- Учество на литературниот конкурс во чест на ликот и делото на Блаже Коневски од страна на културниот едукативен центар „Небрегово“
- Учество на литературен конкурс распишан за проза, краток расказ или есеј на тема „Библиотека и мирис на книга“, распишан од НУ - УБ „Гоце Делчев“ Штип и организацијата Милица Палаус;
- Учество на 12 Интернационална поетска манифестација-Поетска гала 2023;
- Учество на литературно-поетски фестивал „Кавадаречки Поетски Ансамбал“;

- Учество на Детската поетска манифестација „Детски гласови 2023“,конкурс за поезија распишан од Здружение за граѓанска иницијатива во културата „Жар“ Преспа-Ресен;
- Учество на литературен конкурс распишан од Агенцијата за супервизија на осигурувањето по повод Денот на осигурувањето;
- Учество на многу спортски натпревари во рамките на училишниот спорт. Општински, зонски, регионални и државни во фудбал, ракомет, одбојка, кошарка, за машки и женски. Учество на традиционалната ноќна трка во која учествуваа околу 250 ученици од општината, организирана од општина Штип по повод 8 Ноември, денот на ослободувањето на Штип:
- Учество на литературен конкурс распишан од Агенцијата за супервизија на осигурувањето по повод Денот на осигурувањето;
- Посета на Саем на книгата во Штип;
- Повеќекратна посета на Штипскиот музеј и Штипскиот Безистен од страна на учениците од сите години, на класните часови, часовите по историја и ликовна уметност;
- Учество на Меѓународен поетски фестивал „Божиќна литература 2023" во организација на Милица Паулус;
- Учество на државниот конкурс на слободна тема, распишан од Агенцијата за млади и спорт;
- Учество на државниот натпревар по Македонски јазик и литература;
- Учество на Интернационалната олимпијада по Физика и астрономија (IAAC) во конкуренција на 4500 натпреварувачи од 98 земји;
- Учество на online Олимпијада по Физика, Neo Science Olypiad, со центар во Њујорк, во конкуренција на учесници од целиот свет;
- Учество на Литературниот конкурс на тема „Виното, љубовта и смислата на животот” во организација на ЛУБ „Благој Јанков Мучето” Струмица;
- Учество на Литературниот конкурс - Восхитна поезија во организација на Издавачката куќа „Збор“ и „Милица Паулус“, „Среќата не доаѓа со богатството и раскошот, туку со смиреноста и трудот“;
- Учество на Селекционен натпревар за Интернационалната Менделеева олимпијада по Хемија (IMChO 2024);
- Учество на државниот натпревар по Филозофија;

- Учество на Регионалениот натпревар за Наноматеријали „Наноматеријали - материјали на иднината“ Велес;
- Учество на државниот натпревар по Информатика;
- Учество на Интернационалната STEM олимпијада во конкуренција од 22000 натпреварувачи од 117 земји;
- Учество на XII Ораторски вечери,организирани од страна на Правениот факултет при УГД Штип;
- Учество на државниот натпревар по Математика;
- Учество на државниот натпревар по Физика;
- Учество на меѓуопштинскиот литературен конкурс за најдобар краток есеј и песна на тема: Книгата-моја вечна инспирација. НУ-УБ „Гоце Делчев“ Штип;
- Учество на меѓународната литературна манифестација за поетска творба „Вилијам Шекспир“ Скопје;
- Учество на меморијалниот литературен конкурс за најдобра песна „Ристе Јованов - Малец“ Штип;
- Учество на Гимназијада 2024, Струга;
- Учество на турнир во пинг понг во организација на SPIN PONG во салата на нашето училиште;
- Учество на државниот натпревар по англиски јазик;
- Учество на селекциониот натпревар за избор на тимот кој ќе ја претставува Македонија на Светската Олимпијада по хемија IChO 2024 на Институтот за хемија при Природно-математичкиот факултет, Скопје;
- Учество на државниот натпревар по историја;
- Учество на државниот натпревар по биологија;
- Учество на државниот натпревар по атлетика - штафета и атлетика 800 метри;
- Учество на распишаниот литературен прозен конкурс од Фондацијата „Љупчо и Тошо Арсови“ - „Револуционерното дело на Љупчо и Тошо, Штип;
- Учество на литературниот конкурс на тема „24 Мај - Денот на сесловенските просветители и први учители на словенската писменост, Кирил и Методиј ”;
- Учество на конкурсот за најдобар фил(м)озофски есеј кој за подлошка го имаа германскиот филмски класик „Али: Стравот ја јаде душата“ (Angst essen

Seele auf / Ali: Fear Eats the Soul, 1974) од Рајнер Вернер Фасбиндер (Rainer Werner Fassbinder), а темата за есејот гласеше: „Стравот, предрасудите и сликата за другиот: како да го пронајдеме човечкото во себеси?“;

- Учество на државниот натпревар по хемија;
- Учество на 56 Интернационална Олимпијада по Хемија Ријад, Саудиска Арабија;
- Учество на циклус работилници во рамки на проектот „Градење на здрави животни навики на младите луѓе“ во Штип од страна на наши ученици од машки пол во организација на фондација за развој на локалната заедница „MladiHub“;
- Учество на наши ученици од прва година во проект „Словенија 2023/24“ и гостување во основното општинско училиште „Колизија“ од Љубљана, Република Словенија а на барање на СОУ „Димитар Влахов“ од Штип. Учениците кои учествува во реализација на проектот се ученици кои до деветo одделение биле нивни ученици и вклучени во проектот;
- Учество на извиднички камп во Шведска;
- Учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „CineWar Revolution“ во Осијек, Хрватска. Учествуваа 36 ученици од Србија, Хрватска, Турција, Грција, Кипар и Северна Македонија;
- Учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „Strong future will come with erasmis+“ во Кајсери,Турција;
- Учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „ Food Unites “ во Тириоло, Италија;
- Учество во меѓународен проект за младинска размена на тема „3CO in Youth Work“ во Полска;
- Учество во меѓународниот проект за младинска размена на тема „One more step“ во Исакар, Шпанија;
- Учество во меѓународниот проект за младинска размена на тема „YE Social Inovative Entrepreurship“ во Грција;
- Учество во меѓународниот проект за младинска размена преку организацијата „World of change“ на тема „Take a step “во Шпанија;
- Учество во меѓународниот проект за младинска размена на тема „Prevention on social media addiction and fake news“ во Кипар;

- Учество во меѓународниот проект за младинска размена на тема „Digital youth in digital era“ во Кајсери,Турција;
- Учество на проекти во соработка со здружението за едукација, култура и уметност „Академија ЕУРОАРТ“.

## *II.7 Соработка со Локалната самоуправа и институции во Окружувањето*

Гимназијата „Славчо Стојменски”, во учебната 2023/2024 година оствари соработка со поголем број на институции од нашата општина во различни области.

- **Соработка со Локалната самоуправа**

Посебно се работеше на полето за проширување, збогатување и продлабочување на соработката со Локалната самоуправа и Советот на Општина Штип, искористувајќи ги сите можности кои што ги нудат во смисла на остварување на најразлични проекти, активности, предавања, дебати, трибини и др. Соработката со градоначалникот на Општина Штип и компетентните служби за јавна дејност и образование, Комисијата за еднакви можности, Комисијата за здравство и социјала овозможија побрзо, поквалитетно и навремено разрешување на одредени проблеми и прашања што се во заеднички компетенции.

Се продолжи со соработка со невладиниот сектор, локалните медиуми (пишани и електронски), СВР Штип, ЈЗУ -Штип и други институции.

- **Соработка со Младинскиот Борд од Штип**

Благодарение на потпишаниот Меморандум за соработка на Гимназијата „Славчо Стојменски“ Штип и Здружението за културен развој МЛАДИНСКИ БОРД – Штип во рамките на програмата ERAZMUS + беа реализирани повеќе проекти со учество на голем број ученици;

- **Соработка со НУ- У Библиотека „Гоце делчев“ – Штип**

Во текот на целата учебна година на организираните настани од страна универзитетската библиотеката земаа учество голем број на ученици, наставници, како ментори или учесници на самите настани. Со заедничка соработка се реализираа многубројни активности, литературни читања, промоции на книги, учество на распишани конкурси, работилници и сл.

- **Соработка со ОО Црвен крст – Штип**

Се реализираа активности од кои посебно место зазема крводарителските акции во месец декември 2023 година и мај 2024 година, каде учениците со наполнети 18 години беа вклучени во хуманата акција за дарување на крв - спасување на човечки животи.

- **Соработката со Центарот за социјална работа,** преку имплементација на проектот Образовен додаток и работа со оние ученици и нивните родители кои имаат проблеми од различна природа во нивното меѓусебно секојдневно социјално живеење (во и вон училиштето), разрешување на конфликти и др.

- **Соработка солокалните електронски медиуми,** М-Нет, ТВ Ирис, ТВ Стар и во насока на актуелизирање на нашето училиште и презентирање на постигнатото.

- **Соработка со УГД - Штип,** преку презентации, промоции и работилници со интересни теми за учениците, наставниците и стручните соработници. Студентите од Филилошкиот факултет при УГД – Штип, реализираа практична настава во училиштето (одржување на часови и полагање на испити) под менторство на наставници од училиштето и професори од факултетот.Беа презентирани сите наставно научни профили пред учениците од четврта година. Дел од презентациите беа во нашето училиште а поголем дел на презентации беа на самите факултети со различни содржини и работилници со активно учество на учениците.

- Во контекст на соработката за учебната 2023/2024 година посебно важна и заначајна за дејноста на училиштето беше и соработката со **Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образонието** на Република Северна Македонија како и **ДИЦ** и **ДПИ** со кои заеднички реализиравме повеќе активности во рамки на воспитно - образовниот процес.

- **Соработка со родителите**

Еден од главните сегменти во подобрувањето на квалитетот на наставата и афирмирањето на работата на училиштето е соработката со родителите и реализирањето на програмата на современи и поефикасни форми за вклучување на родителите во животот на училиштето и афирмација на функцијата на родителскиот совет како еден од битните сегменти и движечки фактор во воспитно-образовниот процес.

## *II.8 Просторни услови, опременост и материјално технички ресурси*

Гимназијата „Славчо Стојменски” располага со зграда (во сопственост на Општина Штип) на која се извршени инфраструктурни зафати во надворешната и внатрешната нејзина конструкција, современо опремени (со интерактивни табли и информатичко- технички помагала), кабинетски простории и училници, простории за раководен, стручен и административен кадар за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност.

Училиштето располага со:

- доволен број на училници опремени според европски стандарди, со компјутери или работни места за секој ученик за успешно изведување на наставата (14 училници);
- климатизирани кабинетски простории и специјализирани училници;
- современо опремен кабинет по информатика (со 20 компјутери и печатач),

каде што постои 24 часовна интернет мрежа која можат да ја користат и учениците и наставниците преку целиот ден;

- современо опремени кабинети по физика и биологија;
- специјализирани училници по македонски јазик, странски јазици ( англиски, германски и латински јазик, математика, географија и историја, ликовна уметност и музичка уметност;
- кабинетите и специјализираните училиници се опремени со современи нагледни средства и тоа: ДВД-проектори (видео бим), aktiv board- табли, микроскоп, графоскопи, флекс камера, лакмусова хартија, модел на ДНК, модел на Бакмистер, модел на мраз и др. дидактички средства за поуспешно реализирање на наставата со учениците;
- Центар за кариера, опремен со современа информатича технологија, плазма телевизор и модерен ентериер, во кој учениците и наставниците реализираат наставни и вон училишни активности;
- Мултинаменска просторија за сите активности на младинската заедница, состаноци, работилници, потреби на наставниците од технички-технолошки потреби и слични училишни активности опремена со компјутер, печатач и фотокопир;
- Просторија адаптирана за користење на учениците за време на паузите, одмори меѓу часовите за конзумирање на храна и пијалоци;
- училишната библиотека која располага со лектири и фонд на книги, кој постојано се дополнува, од различен жанр (стручна, класична, современа и друг вид литературара), со сопствена читална во која учениците и наставниците слободно можат да ја користат целокупната ризница од книги;
- целосно реконструирана и опремена со спортски реквизити, спортска сала, во која учениците часовите по спорт и спортски активности ќе ги реализираат со голема желба и мотивираност;
- настрешница при влезот во училишната зграда, изработена од метална конструкција со „Лексан” поставена на 3м височина со димензии од 4м широчина и 5м должина. Изградбата на стабилна настрешница при влезот, овозможува зголемена безбедноста во пристапот на учениците и на вработените во училишната зграда;
- училишниот двор како место каде што учениците во есенскиот и пролетниот

период од учебната година ги изведуваат спортските активности и натпревари. Во него има игралиште за одбојка и кошарка. Бидејќи дворот на училиштето е добро уреден, чист простор и осветлен со рефлектори во вечерните часови во него се рекреираат и младите речиси од целиот град. Согласно акциски план за подобрување на условите за работа на училиштето обновувени се санитарните јазли, се изврши промена на влезните врати и касите од сите канцеларии на катот, каде што е сместен административниот, техничкиот и стручниот кадар на училиштето. Заменето е осветлувањето во спортската сала и инсталиран е видео надзор.

***Табеларен преглед на просторни услови, опременост и материјално технички ресурси***

| | | |
|---|---|---|
| Училници | **14** | |
| Специлизирани училници (кабинети) | Информатика | 1 |
| | Биологија | 1 |
| | Физика | 1 |
| | Македонски Јазик | 1 |
| | Англиски јазик | 1 |
| | Германски јазик | 1 |
| | Историја и Географија | 1 |
| | Математика | 1 |
| | Ликовна уметност и Музичка уметност | 1 |
| | Вкупно | **9** |
| Библиотека | **1** | |
| Кариерен центар | **1** | |

| | |
|---|---|
| Спортска Сала | **1** |

***Техничка опрема во училиштето***

| | |
|---|---|
| Компјутери | 23 |
| Компјутери | 84 |
| Монитори | 504 |
| Печатачи | 15 |
| LCD проектор | 23 |
| Скенер | 1 |
| LCD телевизори | 3 |
| Телевизори | 10 |
| DVD уред | 7 |
| Касетофони | 10 |
| Звучници | 12 |
| Лап топ мали | 43 |
| Лап топ | 36 |
| Интерактивни табли | 23 |
| Фотокопер | 1 |

### *II.9 Извори на финансирање (донации и спонзорства) на училиштето*

Гимназијата е непрофитабилна воспитно-образобна институција, која главното финансирање го добива од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Со процесот на децентрализација и ставањето на училиштето во надлежност на Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината на град Штип.

Значајни средства училиштето може да обезбеди од донаторства и грантови од аплицирани проекти.

Иако се минимални, сепак не се за потценување и средствата што ги добива од вонредните испити, издавање на дупликат дипломи и свидетелства.

Со домаќинско менанџирање и планско распределување на финансиските ресурси со кои располага Училиштето се овозможува искористување на истите во покривање на услугите за семинари, едукативни работилници, современи нагледни средства и помагала, стручна литература, списанија за стручно усовршување на наставниот кадар од училиштето.

### *II.10 Оспособеност за користење на современа технологија во наставата*

Брзиот техничко-технолошки развој во РСМакедонија како и европските и светските трендови ја наметнува потребата од поголеми вложувања во човечките ресурси. Со оглед на тоа што образованието е еден од клучните фактори за развој на секоја личност, овие трендови бараат посебен процес на континуирано подобрување и подигнување на нивото на знаење на наставниот и стручниот кадар во Училиштето, со посебен акцент на зголемување на квалитетот и нивото на стручни (работни) компетенции за користење на современата технологија во наставата.

Наставниот кадар (индивидуално и по стручни активи) во Гимназијата, преку учеството на повеќекратни обуки, работилници и семинари, организирани

од МОН, БРО, но и по сопствено барање, се оспособени за дисиминација и инплементирање на знаењата за работа со информатичката технологија во наставата со учениците.

Учество на обука и спроведување на национално истражување за процесот на спроведување на моделот на далечинско учење, ефектите на истиот, како и предизвиците и потребите на наставниците, учениците и образовниот процес, од ваквиот начин на настава.

### *II.11 Оспособеност за тимска работа*

Тргнувајќи од фактот дека тимската работа го подобрува квалитетот во извршувањто на работата, а заедничките цели можат побрзо да се постигнат, нашето училиште прави големи заложби за функционирање и унапредување на тимската работа.

Во Гимназијата „Славо Стојменски“ успешно, синергично и координирано функционираат:

- **Менаџерскиот тим** во кој тимски се планира, организира, поставува нови цели, ги зголемува резултатите, развива нови искуствени стратегии за менаџирање на промените, обезбедува заеднички ресурси.

- **Тим за следење и унапредување на условите за работа во училиштето.** Во составот на овој тим има претставници - наставници од сите паралелки и години, административниот и техничкиот кадар.

Задачи на тимот:

- ги евидентира потребите од поправки и нови набавки и инвестиции;
- изготвува план за работа;
- ја организира работата (врши увид, анализира состојби и проблеми во рамките на задчата) и
- поставува нови цели.

**- Тим за следење и вреднување на наставата и другата воспитно - образовна работа во училиштето**

Овој тим е составен од директорот, психолог - педагог, наставници - претседатели на стручни активи во училиштето, родител - член на Советот на родители.

Задачи на тимот:

- воедначување на структурата и содржината на планирањата (глобални, тематски и дневни планирања) на наставните програми;
- реализирање на наставен час со примена на информатичка технологија, интерактивни форми и методи на работа;
- одржување на работна атмосфера на часот;
- самоевалуација на работата на наставникот и
- информирање на стручните активи и Наставничиот совет за работата на тимот.

**- Тим за развојно планирање (развоен тим):**

- ја следи состојбата, проблемите и пречките во работата на Училиштето;
- ја определува мисијата, визијата и развојните краткорочни и долгорочни цели на Училиштето;
- делегира и димензионира улоги и функции на другите училишни тимови;
- ја предлага и претходно изготвува работната верзија на Годишната програма и развојното планирање на училиштето и
- соработува со надворешни стручни и научни организации од владиниот и невладиниот сектор.

**- Тим за личен и професионален развој на наставниците, директорот и стручните соработници во училиштето.** Во овој тим членуваат, ученик, претстсвник од Совет на родители и наставници координатори на училишни и ученички проекти.

## III. Изјава *за мисијата*

***Гимназијата „Славчо Стојменски“ -Штип е воспитно-образовна институција со воспоставен систем на демократски вредности што се рефлектираат преку здрава, безбедна, дисциплинирана и стимулативна средина за учење во која се негува современа актуелна училишна култура и овозможува градење на младите луѓе во интелектуално, емотивно, социјално, еколошко, мултикултурно свесни, морално зрели личности достојни за почит во општеството.***

Мисијата ја претставува целта на постоењето на нашето училиште. Низ секојдневно континуирано реализирање на поставените цели и задачи, мисијата соодветствува на резултатите што ги постигнуваат учениците, наставниот и стручниот кадар,

## IV. *Изјава за визијата*

***Современо европско училиште со јасно поставени стратешки цели за квалитет во образованието преку вклучување на научно-технолошки постигнувања, информатичка технологија, креативни методи и техники за активна настава и учење, тимска работа, партнерски однос со родителите и локалната заедница, изградени капацитети за децентрализирано образование. Светилник кој го осветлува патот до успехот на генерациите што доаѓаат за да го пронајдат заслуженото место под сонцето.***

Каде сме ние сега и каде сакаме да бидеме во иднина, визијата на училиштето ни го претставува патот по кој обединето чекориме кон замислената, реално остварлива проекција и колективно ниво на аспирација. На тој начин, стоиме цврсто на земјата, справувајќи се со промените во опкружувањето, а секогаш подготвени да се фатиме во костец со предизвиците кои ги носат промените искористувајќи ги во конструктивна и позитивна смисла за да им се даде поттик, поддршка и сигурност на голем број генерации наши ученици.

## *V Подрачја на промени и приоритети*

Во процесот на конкретизација на приоритетите во работата и преземените потфати за остварување на потребните промени, (во делот на подобрувањето на квалитетот на наставата, условите за работа, афирмацијата на училиштето) со цел надминување на слабите страни се водевме од Програмата за развој на училиштето, како наш важен стратешки документ.

На тој начин го градиме сопствениот концепт за развојно планирање со јасно и прецизно поставени стратешки и развојни цели и задачи и ефикасна операционализација на истите преку голем број активности во кои се вклучени човечки ресурси како од училиштето така и од локалната заедница.

На тој начин го градиме сопствениот препознатлив имиџ и водиме грижа за јавното мислење.

## *VI. Евалуација*

Преку процесот на евалуација, треба да се добијат релевантни податоци за тоа како и колку успешно е извршена некоја работа, реализиран некој проект или пак имплементиран некој план.

Евалуација, односно континуираното следење и вреднување на постигнатите резултати делува мотивирачки, поттикнува на акција, го подобрува квалитетот во работењето, води напред.

Преку одговорот на прашањата **што** и како работиме, **како** ја следиме својата работа, **како** знаеме дека сме успешни и **кој** ја следи нашата работа, добиваме реална слика за состојбите во Гимназијата и правиме сеопфатна анализа.

На крајот на учебната 2023/2024 година, заклучните согледувања од направената евалуација и поставените колективни критериуми за успех и квалитет во работењето се дека зад нас оставивме уште една успешна работна година во сите сегменти од внатрешната и надворешната организациска структура на Гимназијата. Оцената на постигнатиот општ успех на постигањата на учениците е Мн. добар (4.19).

За клучните сегменти за евалуацијата прибиравме податоци кои произлегуваат од работното искуство и семинарите на наставниот кадар и стручната служба. Како извори на докази се користеа методи и техники на квалитативна и квантитативна методологија: **систематско набљудување** (протокол на набљудување, дневник на набљудување), **анкетирање** (анкетен лист) за ученици, родители, наставници, директор, **интервјуирање** (протокол на интервјирање), **анализа на содржина** (педагошката евиденција и документација), **анализа на тестови на знаење по наставни предмети.**

Определивме работни тимови и лица кои ги спроведуваа, прибираа и обработуваа податоците и, секако, сето тоа во определени временски рамки.

Во контекст на делот евалуација, ќе ја спомeнеме и екстерната евалуација, Интегрална евалуација спроведена во месец март од страна Државниот просветен инспекторат, како битен механизам на обезбедување квалитет во образованието и обезбедување на објективност во оценувањето. Таа претставува независна проверка на излезните резултати во образованието што ја вршат експерти вон институцијата која се евалуира.

# *VII Прилози*

## *1. Статистички податоциза учениците за учебната 2023/2024 година по години*

| | Број на ученици | | | Општина | | | Национална припадност | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **клас** | **машки** | **женски** | **вкупно** | **Штип** | **Др.** | **Вкупно** | **Макед.** | **Власи** | **Турци** | **Роми** | **Други** | **вкупно** | **Англ.** | **друго** | **Герм.** | **друго** |
| **I¹** | 5 | 8 | 13 | 13 | | 13 | 12 | | | 1 | | 12 | 13 | - | 13 | **-** |
| | | | | 8 | | **8** | 7 | | | 1 | | 7 | | | | |
| **I²** | 5 | 10 | 15 | 15 | | 15 | 13 | 2 | | | | 15 | 15 | - | 15 | **-** |
| | | | | 10 | | 10 | 9 | 1 | | | | 10 | | | | |
| **I³** | 2 | 11 | 13 | 12 | 1 | 13 | 9 | 1 | 3 | | | 13 | 13 | - | 13 | **-** |
| | | | | 10 | 1 | 11 | 7 | 1 | 3 | | | 11 | | | | |
| **I⁴** | 4 | 9 | 13 | 6 | 7 | 13 | 12 | | | 1 | | 13 | 13 | - | 13 | **-** |
| | | | | 5 | 4 | 9 | 8 | | | 1 | | 9 | | | | |
| **I⁵** | 3 | 8 | 11 | 11 | | 11 | 11 | | | | | 11 | 11 | - | 11 | **-** |
| | | | | 8 | | 8 | 8 | | | | | **8** | | | | |
| **I⁶** | 12 | 5 | 17 | 17 | | 17 | 16 | 1 | | | | 17 | 17 | - | 17 | **-** |
| | | | | 5 | | 5 | 5 | / | | | | 5 | | | | |
| **I⁷** | 7 | 7 | 14 | 14 | | 14 | 14 | | | | | 14 | 14 | - | 14 | **-** |
| | | | | 7 | | 7 | 7 | | | | | 7 | | | | |
| **вкупно** | **38** | **58** | **96** | **88** | **8** | **96** | **87** | **4** | **3** | **2** | **0** | **96** | **96** | **-** | **96** | **-** |
| | | | | **53** | **5** | **58** | **51** | **2** | **3** | **2** | **0** | **58** | | | | |

| клас | | Број на ученици | | | | Општина | | | | Национална припадност | | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | машки | женски | вкупно | | Штип | Др. општ. | Вкупно | | Макед. | Власи | Турци | Роми | друго | вкупно | | Англ. | друго | Герм. | друго |
| II1 | | 8 | 10 | 18 | | 18 | | 18 | | 15 | 2 | | 1 | | 18 | | 18 | - | 18 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 9 | 1 | | / | | 10 | | | | | |
| II2 | | 6 | 8 | 16 | | 12 | 2 | 14 | | 11 | 1 | 1 | 1 | | 14 | | 14 | - | 14 | - |
| | | | | | | 6 | 2 | 8 | | 6 | / | 1 | 1 | | 8 | | | | | |
| II3 | | 6 | 7 | 13 | | 13 | | 13 | | 11 | 2 | | | | 13 | | 13 | - | 13 | - |
| | | | | | | 7 | | 7 | | 6 | 1 | | | | 7 | | | | | |
| II4 | | 6 | 14 | 20 | | 20 | | 20 | | 17 | 3 | | | | 20 | | 20 | - | 20 | - |
| | | | | | | 14 | | 14 | | 12 | 2 | | | | 14 | | | | | |
| II5 | | 10 | 10 | 20 | | 20 | | 20 | | 19 | 1 | | | | 20 | | 20 | - | 20 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 9 | 1 | | | | 10 | | | | | |
| II6 | | 5 | 10 | 15 | | 13 | 2 | 15 | | 12 | 2 | | 1 | | 15 | | 15 | - | 15 | - |
| | | | | | | 8 | 2 | 10 | | 10 | / | | / | | 10 | | | | | |
| II7 | | 5 | 12 | 17 | | 15 | 2 | 17 | | 17 | | | | | 17 | | 17 | - | 17 | - |
| | | | | | | 10 | 2 | 12 | | 12 | | | | | 12 | | | | | |
| **вкупно** | | **46** | **71** | **117** | | **111** | **6** | **117** | | **102** | **11** | **1** | **3** | | **117** | | **117** | **-** | **117** | **-** |
| | | | | | | **65** | **6** | **71** | | **64** | **5** | **1** | **1** | | **71** | | | | | |

| | | Број на ученици | | | | Општина | | | | Национална припадност | | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | | машки | женски | вкупно | | Штип | Др. | Вкупно | | Макед. | Власи | Турци | Роми | друго | вкупно | | Англ. | друго | Герм. | друго |
| **III$^1$** | | 11 | 12 | 23 | | 22 | 1 | 23 | | 19 | 3 | | 1 | | 23 | | 23 | - | 23 | - |
| | | | | | | 11 | 1 | 12 | | 10 | 1 | | 1 | | 12 | | | | | |
| **III$^2$** | | 12 | 10 | 22 | | 22 | | 22 | | 22 | | | | | 22 | | 22 | - | 22 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 10 | | | | | 10 | | | | | |
| **III$^3$** | | 9 | 7 | 16 | | 16 | | 16 | | 15 | 1 | | | | 16 | | 16 | - | 16 | - |
| | | | | | | 10 | | 10 | | 7 | / | | | | 10 | | | | | |
| **III$^4$** | | 6 | 6 | 12 | | 12 | | 12 | | 8 | 4 | | | | 12 | | 12 | - | 12 | - |
| | | | | | | 6 | | 6 | | 4 | 2 | | | | 6 | | | | | |
| **III$^5$** | | 4 | 8 | 12 | | 12 | | 12 | | 10 | 1 | 1 | | | 12 | | 12 | - | 12 | - |
| | | | | | | 8 | | 8 | | 7 | / | 1 | | | 9 | | | | | |
| **III$^6$** | | 7 | 4 | 11 | | 6 | 5 | 11 | | 9 | | 2 | | | 11 | | 11 | - | 11 | - |
| | | | | | | 2 | 2 | 4 | | 3 | | 1 | | | 4 | | | | | |
| **III$^7$** | | 4 | 7 | 11 | | 11 | | 11 | | 9 | 2 | | | | 11 | | 11 | - | 11 | - |
| | | | | | | 7 | | 7 | | 6 | 1 | | | | 7 | | | | | |
| **вкупно** | | **53** | **54** | **107** | | **101** | **6** | **107** | | **92** | **11** | **3** | **1** | | **107** | | **107** | **-** | **107** | **-** |
| | | | | | | **51** | **3** | **54** | | **47** | **4** | **2** | **1** | | **54** | | | | | |

| | Број на ученици | | | Општина | | | Национална припадност | | | | | | Странски јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| клас | машки | женски | вкупно | Штип | Др. | Вкупно | Макед. | Власи | Турци | Роми | Срби | вкупно | Англ. | друго | Герм. | друго |
| IV1 | 10 | 14 | 24 | 24 | | 24 | 22 | 2 | | | | 24 | 24 | - | 24 | - |
| | | | | 14 | | 14 | 12 | 2 | | | | 14 | | | | |
| IV2 | 9 | 8 | 17 | 17 | | 17 | 14 | 1 | 2 | | | 17 | 17 | - | 17 | - |
| | | | | 8 | | 8 | 7 | / | 1 | | | 8 | | | | |
| IV3 | 5 | 12 | 17 | 15 | 2 | 17 | 14 | 1 | 2 | | | 17 | 17 | - | 17 | - |
| | | | | 10 | 2 | 12 | 9 | 1 | 2 | | | 12 | | | | |
| IV4 | 7 | 9 | 16 | 16 | | 16 | 15 | 1 | | | | 16 | 16 | - | 16 | - |
| | | | | 9 | | 9 | 8 | 1 | | | | 9 | | | | |
| IV5 | 11 | 6 | 17 | 15 | 2 | 17 | 15 | | 1 | 1 | | 17 | 17 | - | 17 | - |
| | | | | 6 | / | 6 | 5 | | / | 1 | | 6 | | | | |
| IV6 | 13 | 9 | 22 | 22 | | 22 | 19 | 3 | | | | 22 | 22 | - | 22 | - |
| | | | | 9 | | 9 | 9 | / | | | | 9 | | | | |
| IV7 | 11 | 15 | 26 | 26 | | 26 | 25 | 1 | | | | 26 | 26 | - | 26 | - |
| | | | | 15 | | 15 | 14 | 1 | | | | 15 | | | | |
| **вкупно** | **66** | **73** | **139** | **135** | **4** | **139** | **124** | **9** | **5** | **1** | **0** | **139** | **139** | **-** | **139** | **-** |
| | | | | **71** | **2** | **73** | **64** | **5** | **3** | **1** | **0** | **73** | | | | |

## 2. *Успех на учениците*

***Општ успех на учениците по години за учебната 2023/2024 и предходните две учебни години***

| Учебна година | I | II | III | IV | Општ успех |
|---|---|---|---|---|---|
| 2023 / 2024 | 4.28 | 4.40 | 4.00 | 4.09 | 4.19 |
| 2022 / 2023 | 4.38 | 4.24 | 4.07 | 4.35 | 4.26 |
| 2021 / 2022 | 4.16 | 3.92 | 4.25 | 4.21 | 4.14 |

Анализата на податоците наведени во табелата во прикажаните три учебни години покажуваат дека учениците постигнуваат висок просек на општ успех, од Многу добар (4). Во континуитет ваков висок просек на општ успех во училиштето има и во предходните учебни години.

### *Успех на учениците на крајот на наставната година за 2023/2024 и предходните две учебни години*

Од наведените податоци во табелите можеме да заклучиме дека постигнатиот успех на учениците е на завидно ниво во сите наставни години. Во однос на учениците по пол и нивниот постигнат успех нема големи отстапувања .

| Уч. Год | | Маш | Жен | Вкуп | Одл | Мн.д | Доб | Дов | Вкуп | со 1 нед | со 2 нед | Нео | Пов | Вкуп |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/2024 | I | 38 | 58 | 96 | 54 | 23 | 19 | / | 96 | / | / | / | / | 0 |
| | II | 46 | 71 | 117 | 73 | 31 | 13 | / | 117 | / | / | / | / | 0 |
| | III | 53 | 54 | 107 | 55 | 27 | 23 | 2 | 107 | / | / | / | / | 0 |
| | IV | 66 | 73 | 139 | 81 | 22 | 22 | 13 | 138 | / | / | 1 | / | 1 |
| | CE | 203 | 256 | 459 | 263 | 103 | 77 | 15 | 458 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/2023 | I | 48 | 75 | 123 | 73 | 32 | 17 | / | 122 | / | / | 1 | / | 1 |
| | II | 55 | 55 | 110 | 53 | 36 | 21 | / | 110 | / | / | / | / | 0 |
| | III | 66 | 77 | 143 | 71 | 30 | 25 | 10 | 136 | 3 | / | 4 | / | 7 |
| | IV | 55 | 89 | 143 | 87 | 25 | 24 | 8 | 144 | / | / | / | / | 0 |
| | CE | 224 | 296 | 520 | 284 | 123 | 87 | 18 | 512 | 3 | 0 | 5 | 0 | 8 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| 2021/2022 | I | 61 | 58 | 119 | 57 | 33 | 29 | / | 119 | / | / | / | / | 0 |
| | II | 69 | 79 | 148 | 67 | 40 | 32 | 2 | 141 | / | 5 | 2 | / | 7 |
| | III | 55 | 90 | 145 | 83 | 23 | 29 | 8 | 143 | 1 | / | 1 | / | 2 |
| | IV | 64 | 79 | 143 | 92 | 25 | 21 | 2 | 140 | 2 | / | 1 | / | 3 |
| | CE | 249 | 306 | 555 | 299 | 121 | 111 | 12 | 543 | 3 | 5 | 4 | 0 | 12 |

***Успех на учениците на крајот на наставната година по подрачја и години за 2023/2024 и предходните две учебни години***

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I ГОДИНА** | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2023/24 | НП | 38 | 58 | 96 | 54 | 23 | 19 | 0 | 96 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4. 28 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2022/23 | НП | 48 | 75 | 123 | 73 | 32 | 17 | 0 | 122 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 4. 38 |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| 2021/22 | НП | 61 | 58 | 119 | 57 | 33 | 29 | 0 | 119 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4. 16 |

* **Нема подрачје**

| Учебна | Подрачје | Машки | Женски | Вкупно | Одлични | Мн.Добри | Добри | Доволни | Вкупно | Со 1 нед. | Со 2 нед. | Неоцен. | Повтору. | Вкупно | Просек |
